З А П И С Н И К

Од 26-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 26-та редовна седница на ден 14.10.2019 година (Понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Бранко Трајков и Сања Стојанова.

На седницата присуствуваа Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Горан Андонов, Верче Миткова, Габриела Ефтимова, Бранко Андонов и Славе Андонов претставници од општинската администрација.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 26-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 25-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 27.09.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците,беше ставен на гласење од вкупно присутни 11 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 1.

За работа на 26-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – деловен простор на к.п. бр. 2099, 2100 и 2695 во КО Василево;
2. Давање на согласност за паралелки со помал број на ученици во ООУ„Гоце Делчев“, Василево;
3. Физибилити студија за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување;
4. Референтна годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Василево.
5. Одлука за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Василево преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел;
6. Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2019 година за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-1);
7. Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-2);
8. Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-3);
9. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Костадин Ристов од с.Нова Маала.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 26-та седница на Советот на општина Василево никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – деловен простор на к.п. бр. 2099, 2100 и 2695 во КО Василево за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор првата точка од дневниот ред Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или сообраќајната инфраструктура воопшто нема да се предвиди и вклопување на бесправниот објект – деловен простор на к.п. бр. 2099, 2100 и 2695 во КО Василево;.беше ставена на гласење од вкупно присутни 11 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 3

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред Давање на согласност за паралелки со помал број на ученици во ООУ„Гоце Делчев“, Василево, за збор се јави Неџат Меминов претседател на Комисијата Општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од присутни 3 члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Давање на согласност за паралелки со помал број на ученици во ООУ„Гоце Делчев“, Василево;беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа ,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, ,, 3.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Физибилити студија за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување;за збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата на за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор третата точка: Физибилити студија за примена на мерки на енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување;беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 3.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Референтна годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Василево.за збор се јави јави Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 од присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Референтна годишна потрошувачка на електрична енергија во општина Василево., беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 3.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред; Одлука за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Василево преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел;за збор се се Крсте Панев претседател на Комисијата за Урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 од присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Наце Коцев член на Советот на општина Василево побара образложение праша дали со донесувањето на оваа Одлука ќе се подобри осветлувањето и дали ке се покачи или намали цената на електричната енергија.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека општина Василево имаше голем период кој се занимавше со изработка на физибилити студија исто така и советниците ја имат веќе усвоено, сега на оваа седница се усвојува и физибилита студија за целото улично осветлување. Во врска со поставеното прашање дали ќе се подобри уличното осветлување рече дека секако ке се подобри уличното осветлување бидејќи сегашните сијалици што се стават 90% се за внатрешна употреба не за надворешна тоа е понудено на тендерите и тие сијалици го осветлуваа само горниот дел не беа усветлени улиците , сега со новите тендери кој треба да се објави и фирмата што ќе се избере ќе треба да стават улични сијалици што ќе дава добра светлина и на патната површина што значи ќе има подобрување на уличното осветлување тоа ќе биде договор што ќе трае поголем период 12 години и во рок од 6 години ќе биде извршена одплатата на целата инвестиција. Поставувањето ќе биде во рок од 3 месеци од денот на подпишувањето на договорот. Што се однесува на прашањето дали граѓаните ќе бидат повеќе оптртетени со наплатата за уличното осветлување рече дека останува наплатата иста секој кој има броило плаќа комунална такса за улично осветлување 15 kw по домаќинство или за правни субјекти наплатата ќе продолжи како и досега преку ЕВН Македонија тие ќе ги пребират средствата и ќе ги враќат на општината, општината и понатаму ќе има вградено броила во трафостаницата каде штој ќе се чита потрошена електрична енергија општината е должна да плаќа на ЕВН Македонија бидејќи таа ни продава струја. Сега по новите прописи понатаму ќе може да се избира и други снабдувачи бидејќи се прави повеќе конкуренција во поглед на снабдувањето со електрична енергија но без разлика граѓаните нема да бидат оптеретени со поголеми давачки. Средствата ќе идат во општината а општината ќе ги плаќа потрошената електрична енергија на ЕСКО компанијата. Од кога ќе се добие тендерот за улично

осветлување општината ќе плаќа од заштедите тогаш ќе нема нејзино одржување туку ќе биде на ЕСКО компанијататие тие гарантират дека сијалиците што ќе ги постават на нивните арматури дека 8 до 10 години има гаранција можноста да прегорат е 2% на100, доколку прегори тие ќе вршат замена, замена ќе има на постоечките светилки. Проширувањето ќе биде обврска на општината со растењето на населените места, отварање на нови градежни парцели доколку има потреба од проширување тогаш со посебен договор со фирмата Еско компанијата или било која може да се врши проширување.

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево постави прашање околу наплатата на струја има посебни броила по кој шт се определуват колку струја има потрошено дали се плаќа према тоа или само на светилките. И второто прашање кога се гледа тој бројченик ќе се види дека има повеќе потрошено одколку трошат самите светилки тоа го кажува поради тоа што има многу диво приклучени на одредени линии преку уличното осветлување на терет на граѓаните општината губи кога ќе се соберат 150 денари на сат плус трошат струја праша како овие средства ќе се обезбедат посебно треба да се обрати внимание на тие што крадат струја ги има доста рече дека лично тој имал комфликт а се правдале дека им било дозволено од општината, апелира до општината да превземе за тоа мерки.

Бранко Андонов претставник од општинската аддминистрација рече околу поставеното прво прашање се однесува на мерење на потрошената електрична енергија броилата се во трафостаниците тие точно ја мерат струјата која е потрошена на поставените улични светилки. Во Василево има 4 трафостаници и 4 броилаи за тие 4 броила се добива сметка месечно од ЕВН за секое броило што има потрошено и врз основа на тоа се врши наплатата согласно утврдената цена утврдена од регулаторната комисија.

Во поглед на зголемената потрошена електрична енергија од страна на диво приклучените граѓани во овој проект во тендерската документација е предвидено 4 мерќи место кое ќе бидат утврдени со специфични мерачи кој при поголема потрошувачка веднаш ќе се исклучува, се знае од прилика на кои трафостаници се врши кражба на електрична енергија на тие броила ќе се постават такви мерачи кој при поголема потрошувачка на електрична енергија веднаш ке се исклучи уличното осветлување со тоа дивокрадачите ќе престанат да крадат струја бидејќи ќе немат повеќе струја, граѓаните кој што живеат на тие места ќе немат улично и со тоа ќе се создаде притисок со тоа ќе се постигнат резултати и ќе морат да терат друг начин за снабдување на електрична енергија.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниотвред Одлука за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општина Василево преку воведување мерки за енергетска ефикасност според ЕСКО модел , беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 4.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2019 година за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-1); за збор се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата финансирање, буџет и локален

економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор Квартален извештај за извршување на Буџетот за 2019 година за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-1);беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,,3.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-2); за збор се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По затворената расправа седмата точка од дневниот ред: Квартален извештај за доспеани а неизмирени обврски на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-2);., беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-3);, за збор се јави се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше дреуг пријавено за збор осмата точка, дневниот Квартален извештај за промените на состојбата на задолжување на општина Василево за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019 год. (К-3); , беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 3.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Костадин Ристов од с.Нова Маала. , за збор се јави се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го усвои предлогот да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 денари од 3 присутни членакомисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 денари беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 1.

Деветата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Костадин Ристов од с.Нова Маала.со усвоениот предлог, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000 денари беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 1.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 26- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател,

Крсте Панев